


Уни Банка АД Скопје има потреба од мотивирани и талентирани кандидати за вработување на следната работна позиција:

# Заменик Раководител во Служба за спречување на перење пари и финансирање на тероризам - Заменик Овластено лице согласно Закон за СППиФТ

***Биди и ти дел од нашиот тим...***

## Квалификации:

- Универзитетско образование (Економски или Правен Факултет);
- Работно искуство од минимум 5 години во банкарски сектор;
- Ги познава прописите и законите кои ја регулираат материјата за спречување перење на пари и финансирање на тероризам;
- Одлични лидерски способности, како и способности за тимска работа, комуникација и меѓучовечки односи;
- Способност за решавање проблеми и донесување на брзи одлуки;

- Одлично познавање на англиски јазик;
- Напредно познавање на MS Office;
- Поседување на безбедносен сертификат ќе се смета за предност.

## Работни активности:

- Во отсуство на Раководителот ги планира, организира, координира и контролира работните задачи и активности на вработените во секторот;
- Независен при спроведувањето на мерките и дејствијата за откривање и спречување на перење пари и финасирање на тероризам и самостојно носи одлуки за активностите кои ги презема;
- Врши контрола на месечен извештај за работата на Службата до Управниот одбор, Одборот за управување со ризици и полугодишен извештај до Надзорниот одбор;
- Ги познава, разбира и почитува прописите и законите, интерните акти кои ја регулираат проблематиката од областа на спречувањето перење пари и финансирање тероризам;
- Контролира и испраќа извештаи за редовни и поврзани трансакции до Управа за финансиско разузнавање;
- Во отсуство на раководителот следи сомнителни трансакции;
- Во отсуство на раководителот испраќа извештаи/известувања за сомнителни трансакции до Управата за финансиско разузнавање и НБРСМ;
- Контролира и одговара на дополнителни барања на податоци од Управата за финансиско разузнавање, Финансиска полиција, Управата за јавни приходи и други надворешни институции согласно актуелната законска регулатива;
- Води статистика на примени и одговорени барања од горенаведените институции;
- Изготвува процедури, програми и други интерни акти од областа на СППФТ;
- Во отсуство на Раководителот соработува со домашни и странски банки во областа на спречување на перење пари и финансирање на тероризам;
- Врши контрола врз работењето на Дирекциите во Банката од чие работење може да произлезе ризик од ППиФТ;
- Следи одлуки од ЕУ и ОН за спроведување на рестриктивни мерки, следење на одлуки од FATF во врска со извештаите за усогласеност на државите со имплементирање на мерките за СППФТ;
- Во соработка со раководителот изготвува годишен план за обуки во делот за спречување на ППиФТ;
- Одржува редовни контакти со други органи и институции вклучени во активностите за спречување на ППиФТ;
- Дава стручна и советодавна помош на Дирекциите во Банката од областа на Законот за спречување на перење пари и финасирање на тероризам.

Работното време е 8 часа дневно, односно 40 часа неделно.

Доколку сте одговорна, прецизна и активна личност, ориентирана кон остварување на високи резултати, придружете се и Вие кон успешниот тим на професионалци!

На нашите вработени им нудиме динамична работа со можност за професионален развој и усовршување, како и одлични услови за работа во средина со амбициозен и професионален тим.

## Бенефиции:

- Политика за наградување преку системот на бонуси;
- Обуки за личен и професионален развој;
- Колективно осигурување од незгода, дополнително здравствено осигурување;
- Спортски активности и настани за дружење.

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на **jobs@unibank.com.mk** или на адреса: Максим Горки бр. 6, 1000 Скопје, **најдоцна до 28.05.2025 година.**

*Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификации и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законските прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk